Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА ДЕНОВИ НА ЖАЛОСТ
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

С к о п ј е,

април 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено: / E pranuar: 02. 04. 2025
Орг. Един. / Njësia. Org.: 08
Број / Numër: 2023/1
Прилог / Shtojcë
Вредност / Vlerë

**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на Закон за денови на жалост, по скратена постапка*.

**Пратеници:**

Димитар Апасиев ________________

Борислав Крмов ________________

Реџеп Исмаил ________________

Јована Мојсоска ________________

Амар Мециновиќ ________________

Сашко Јанчев ________________

2

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Деновите на жалост претставуваат официјални моменти на оддавање на почит кон жртвите на трагични настани и истите се посветени на изразување на колективна тага, солидарност и почит кон настраданите, како и на нивните семејства, роднини и други блиски лица.

Правилното искажување на колективна почит кон жртви на трагични настани, како што се природни катастрофи, несреќи, хаварии (пожари, поплави и сл), војни, терористички напади и слично – значи почитување на моралните и етичките вредности на општеството.

Во деновите на жалост, треба да се избегнуваат забавни активности, како што се организирање на забави, концерти или други јавни настани, неусогласени со духот на денот.

Во постоечката регулатива, воочена е правна празнина на законска нерегулираност на оваа мошне важна материја. Имено, Законот за Владата на Република Македонија, во случај на несакани трагедии предвидува основ Владата да донесе „Одлука за ден на жалост“ за чиј период, согласно Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија ги обврзува институциите државното знаме да го истакнуваат на пола копје, на тој начин преку државните институции изразувајќи ја колективната тага на општеството – но, истите закони имаат само оскудни одредби и не предвидуваат ниту прецизни правила, ниту пак санкции за лицата кои со своето недолично однесување не го почитуваат денот на жалост, на тој начин искажувајќи непочит кон жртвите.

Исклученоста од правна санкционираност на лицата кои со своето недолично и неетично однесување искажуваат непочит кон настраданите и нивните блиски, во пракса знае да доведе до несакани ситуации одредени лица да ја злоупотребуваат трагедија со цел зголемување на својот профит, други да го користат моментот за да привлечат медиумско внимание преку сензационалистички и претерани содржини и слични неморални дејствија, недолични на моментот, кои можат да бидат навредливи за семејствата на жртвите нанесувајќи им дополнителна болка и тага. Приредувањето на веселби во моменти кога цела нација тагува, непочитувањето на прописите за одбележување на деновите на жалост од страна на институциите, кои продолжуваат да функционираат најнормално, како ништо да не се случило, покрај неморалното и недостоинствено однесување пак од друга страна може да доведе до зголемени тензии и ризик од предизвикување на немири.

Дополнително, и несоодветната медиумска “редовна програма“ која оди на националните и локалните медиуми и радиодифузери, а која е неприлагодена на траорните денови на колективна траума, како што беше последниот случај со загунувањето на околу 60-на млади во пожарот во дискотеката во Кочани – е аргумент плус за носење на ваков посебен закон (лат. lex specialis).

Оттука, заради достоинствено искажување почит и колективно солидализирање со блиските на настраданите лица, а со цел превенирање на евентуални неморални, неетични и нечовечки однесувања на одредени поединци, физички и правни лица, потребно е законско решение со кое ќе се регулира начинот на колективна солидарност и изразена почит кон трагично настраданите жртви.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на овој закон е обезбедување на правна основа за правилно одбележување на деновите на жалост на национално и локално ниво, преку организирано, унифицирано и достоинствено одбележување на трагични настани кои влијаат на националната и колективна меморија на државата, преку достоинствено оддавање почит кон настраданите и нивните блиски, како и поттикнување на човечноста, солидарноста и националното единство.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗБУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република С. Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕНА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИСПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИСУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република С. Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен или обемен закон, предлагаме Собранието да расправа по *Предлогот на Закон за денови на жалост, по скратена постапка.*

ПРЕДЛОГ
НА ЗАКОН ЗА ДЕНОВИ НА ЖАЛОСТ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување
### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на одбележување на денот, односно деновите на жалост на територијата на Република Македонија или на локално ниво; обврските на државните органи и јавните инстутиции, органите на локалната самоуправа, јавните установи и јавните претпријатија, организациите на кои со закон им е доверено вршење на работи на државната управа и работи од јавен интерес, другите правни лица кои располагаат со државен капитал; обврските на другите правни и физички лица во деновите на жалост; како и санкциите за непочитување на утврдените обврски во однос на одбележувањето на денот на жалост.

### Прогласување ден на жалост
### Член 2

(1) Ден на жалост се прогласува по особено тешка несреќа чија последица е смрт, повреда или сериозно оштетување на здравјето на поголем број луѓе, или во случај на смрт на висок државен функционер.

(2) Ден на жалост може да се прогласи и во случај на смрт на личност која имала високи заслуги за државата, како и по повод друг вонреден трагичен настан од несекојдневни размери.

### Траење на деновите на жалост
### Член 3

(1) Ден на жалост трае онолку колку што е определено со одлуката за прогласување и времетраење на денот на жалост – но, не помалку од еден и не повеќе од десет дена.

(2) Доколку во одлуката поинаку не е определено, денот на жалост започнува во 00:00 часот на денот определен за Ден на жалост, а завршува во 24:00 часот на денот определен како последен ден на жалост.

## II. ВИДОВИ ДЕНОВИ НА ЖАЛОСТ

Републички ден на жалост

Член 4

(1) Одлука за прогласување на денот на жалост на државно, републичко ниво, на целата територија на Републиката – носи Владата на Република Македонија (во понатамошниот текст: Владата).

(2) Со одлуката за прогласување на денот на жалост се утврдува и неговото времетраење.

(3) Со владината одлуката за прогласување на денот на жалост може да се формира и Одбор за организирано одбележување на денот на жалост, кој може да закаже комеморативни настани за соодветно оддавање почит на жртвите, како и да подготви други погодни програмски форми на колективно изразување жалост.

Општински ден на жалост

Член 5

(1) Општина, Град Скопје и општините во градот Скопје исто така можат да прогласат ден на жалост на територија на нивната единица на локална самоуправа, по повод трагичен настан од локално или регионално значење.

(2) Одлуката за прогласување општински ден на жалост ја носи Градоначалникот на општината.

(3) Со одлуката за прогласување општински ден на жалост, може да се пропишат обврски за органите, организациите и службите чии основачи се, општината, Градот Скопје, односно општините во Градот Скопје.

(4) Одредбите на овој закон кои се однесуваат на начинот на одбележување на денот на жалост соодветно се применуваат и кога општина, Град Скопје односно општина во градот Скопје ќе прогласи општински ден на жалост.

## III. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОВИТЕ НА ЖАЛОСТ

Спуштање знаме на половина копје

Член 6

Органите, инстутуциите, организациите и другите правни лица кои истакнуваат знаме, должни се за време на прогласен ден на жалост знамето на Република Македонија да го спуштат на половина јарбол, односно копје.

### Оддавање почит со едноминутно молчење

### Член 7

Секој работодавач во јавниот и во приватниот сектор е должен, на денот на жалост, да им овозможи на вработените со минута молк истовремено да оддадат почит на настраданите луѓе во несреќата поради која е прогласен денот на жалост.

### Одбележување на ден на жалост во образовните институции

### Член 8

Во образовните институции (училишта и факултети), ден на жалост се одбележува со едноминутно молчење на првиот наставен час, а програмата за музичко образование соодветно се прилагодува на денот на жалост.

### Одбележување на ден на жалост во културните установи

### Член 9

Музеите, театрите, кината, организациите кои имаат музичко-сценски програми и другите институции од областа на културата се должни своите програми да ги прилагодат на денот на жалост.

### Одбележување на ден на жалост на спортски настани

### Член 10

(1) Ден на жалост во спортските сали, стадионите и игралиштата се одбележува со спуштање на знамето на Република Македонија и знамињата на спортските клубови на половина јарбол, односно копје; а доколку се работи за спортски собири од меѓународен карактер, тогаш и со спуштање на знамињата на меѓународните спортски организации на половина јарбол, односно копје.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, пред почетокот на спортскиот настан, судијата со свиреж го означува почетокот и крајот на оддавањето почит со едноминутно молчење и соодветните пораки со кои се оддава почит на настраданите во несреќата поради која е прогласен денот на жалост.

(3) Играчите, резервните играчи, тренерите, судиите и сите други учесници на спортскиот настан, како и присутните гледачи во публиката на трибините (освен неподвижните лица со инвалидитет) се должни да станат за време на оддавањето почит со едноминутно молчење и достоинствено да го одбележат оддавањето почит на жртвите од несреќата поради која е прогласен ден на жалост.

Соодветно медиумско информирање

Член 11

(1) Медиумите и средствата за јавно информирање, а особено радиодифузерите (телевизии и радија) на територијата на Република Македонија во своите програми, вклучително и преносите наменети за странски држави, на прогласениот ден на жалост се должни да:

1) ја емитуваат одлуката за прогласување на ден на жалост и програмата за негово одбележување донесена од надлежниот орган на Република Македонија;

2) ја информираат јавноста за комеморативни собири кои по повод денот на жалост се организирани од надлежните државни или општински органи или телата определени од нив;

3) емитуваат сериозна класична музика и тематски емисии погодни за денот на жалост;

4) координираат детална програмска шема за време на денот на жалост.

(2) Новинско – издавачките организации кои издаваат весници (дневни, неделни или месечни), магазини или списанија – се должни, на денот на жалост, да ги печатат своите изданија во црно, а на првата страница да ја наведат одлуката за прогласување на ден на жалост и најавата за негово одбележување.

(3) Интернет порталите и веб-страниците на медиумите се должни сите свои објавени текстови и слики да ги едитираат во црно-бела боја.

Забрана за програми од забавен карактер

Член 12

(1) За време на деновите на жалост забрането е:

- емитување на народна и забавна музика во етерот;
- хумористични, забавни, фолклорни и други шоу емисии со рекреативна содржина;
- играна програма од жанрот комедија;
- емитување реклами, платена политичка програма, економско пропагандни пораки или било какви комерцијални текстови и маркетинг-комуникации.

(2) За време на деновите на жалост радиодифузерите се ослободени од обврската за емитување одреден процент домашна музика.

(3) За време на деновите на жалост, новинарите и презентерите на телевизиските програми, по правило, носат црна облека.

Забрана за јавни приредби и манифестации

Член 13

(1) За време на деновите на жалост угостителските објекти (ресторани, меани, кантини, барови, кафулиња, пабови, кабареа, диско-клубови и сл.) не

смеат да пуштаат несоодветна и гласна музика, ниту да организираат било какви настапи, караоке-забави, промоции и концерти.

(2) За време на деновите на жалост, на јавните места, е забрането одржување на било какви приредби, фестивали, концерти, музички изведби или пограми од забавен карактер.

## IV. КОНТРОЛА И НАДЗОР

### Надзор
### Член 14

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон вршат:

1) Министерството за внатрешни работи – кога се во прашање државните органи, институции, јавните установи, јавните претпријатија, органите на локалната самоуправа, како и други правни и физички лица, освен во случаите од членовите 8, 9, 11 и 12 од овој закон;

2) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – за субјектите од членовите 11 и 12 на овој закон;

3) Министерството за образование и наука – кога станува збор за правни лица од членот 8 од овој закон;

4) Министерството за култура и туризам – кога станува збор за правни лица од членот 9 на овој закон.

### Прекршочна постапка
### Член 15

(1) Кога органот надлежен за надзор над спроведувањето на овој закон ќе утврди дека органите и организациите од членот 1 на овој закон не ги почитуваат утврдените обврски при одбележувањето на денот на жалост, ќе нареди отстранување на констатираните недостатоци и ќе поведе прекршочна постапка.

(2) За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд, согласно со Законот за прекршоците.

## V. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### Прекршочни мерки
### Член 16

(1) Со глоба од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се казни:

1) правно лице кое на ден на жалост не истакнал знаме на Република Македонија на пола јарбол, односно на пола копје (член 6);

2) правно лице кое нема да овозможи вработените да оддадат почит на настраданите со едноминутно молчење (член 7).

3) медиумот, односно средството за јавно информирање кое нема да се придржува на обврските од членовите 11 и 12 на овој закон;

4) образовна установа која нема да одбележи ден на жалост согласно со членот 8 на овој закон;

5) установа од областа на културата, ако својата програма не ја прилагоди на денот на жалост согласно член 8 на овој закон.

7) спортска организација која организира спортски настан, ако не се придржува на обврските пропишани во член 9 на овој закон;

8) правно или физичко лице кое се бави со угостителска, туристичка или слична дејност – ако не се придржува на обврските пропишани во член 13 од овој закон.

(2) Со глоба од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се казни одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот (1) на овој член.

(3) Со глоба од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе се казни физичко лице кое на јавно место намерно ги прекршува обврските за одбележување на ден на жалост од член 13 на овој закон.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ДЕНОВИ НА ЖАЛОСТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи 17 члена, поделени во вкупно VI глави.

Со прелог–законот е одреден надлежен орган кој прогласува одлука за ден на жалост и кој носи програма за начинот на негово одбележување, времето на почетокот и крајот на денот на жалост, начинот на оддавање на почит преку спуштени знамиња до половина јарбол т.е. копје, начинот на солидаризирање преку симболично едноминутно молчење, начинот на информирање и соодветно усогласување на програмската шема од страна на медиумите за времетраењето на денот на жалост, начинот на оддавање на почит во образовните и културните установи, и за време на спортските настани. Понатаму предвидена е забрана за организирање на музички и настани од хумористичен и забавен карактер на јавни места. Определени се органите задолжени за надзор над спроведувањето на законските одредби, како и санкциите, т.е. прекршочните мерки за непочитување на истите. И за крај е определен рокот за влегување во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се реално применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Решенијата предвидени во овој предлог-закон ќе осигураат унифициран и достоинствен пристап при одбележувањето на трагични настани, што ќе придонесе да се поттикне солидарноста и зачувавање на колективното сеќавање на нацијата и ќе ја пополни постоечката правна празнина.